# Упатство за изработка на постер презентација

**1. Општи правила**

Постерот треба да биде **оригинално дело на учениците**. Целта е да покажете како самите сте размислувале, планирале и истражувале.

**Не е дозволено**

- Користење текст, слики, шеми, графикони, цртежи или табели генерирани со алатки со вештачка интелигенција
- Копирање содржина од интернет без наведување извор
- Менување на димензиите на образецот за постер презентацијата
- Бришење на задолжителните логоа (МБД и Ноември – месец на науката)

**Дозволено е**

- Сопствени фотографии од експериментот
- Сопствени цртежи и шеми
- Графикони и табели изработени според вашите податоци
- Промена на позадината на деловите (со силен контраст)

**2. Образец**

За креирање на постер презентацијата **треба** да се користи прикачениот документ.
**Димензии:** A1 формат (594 × 841 mm), портрет. Димензиите се веќе поставени и **не смеат да се менуваат**.

**3. Структура на постерот**

Постерот треба да содржи пет делови:

| Дел | Што содржи |
|---|---|
| **Вовед** | Накратко претставете ја темата:<br>што е веќе познато, зошто е важна и која е целта на истражувањето. 3–5 кратки реченици. |
| **Хипотеза** | Една јасна реченица – претпоставката што ја проверувате (пр. „Ако…, тогаш…").<br>Во постерот хипотезата е мала рамка, не цело поле. |
| **Резултати** | Прикажете графикони, табели и фотографии со број и опис (Слика 1, Табела 1).<br>Под секој приказ 1–2 реченици.<br>Накратко наведете и како работевте (материјали и методи). |
| **Заклучок** | Дали хипотезата е потврдена или отфрлена?<br>2–4 реченици: што значат резултатите и каде може да се применат. |
| **Литература** | 3–5 извори по азбучен ред. |

**4. Дизајн на постер презентацијата**

Имате слобода да го дизајнирате изгледот на вашата постер презентација со примена на бои. Препорачуваме да изберете палета од најмногу три бои. Внимавајте да постои контраст помеѓу текстот и позадината. Избегнувајте користење светол текст на светла позадина.
Да се користи **еден фонт** низ целиот постер. Сè што треба да се истакне треба да биде **задебелено** (**болд)** или **обележано со различна боја**.
**Важно:** текстот треба да се чита од растојание од 1,5–2 метри. Не ја намалувајте големината на зададениот фонт во постер-образецот.

**Слики и графикони**

- Секоја слика, графикон или табела мора да има **број и краток опис** (Слика 1. Опис.)
- Графиконите треба да имаат наслов и означени оски.